# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**5239.**

Врз основа на член 84, став 1, алинеа 9 од Уставот на Република Северна Македонија согласно член 1 од Законот за помилување, Претседателот на Република Северна Македонија, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА ПО ПОВОД НОВАТА 2026 ГОДИНА

I

Делумно се ослободуваат од понатамошно извршување на казната затвор осудените лица:

1. АБДУРИМАН АСАН МАМУД од с.Селце, Штип, во траење од 6 месеци
2. БОЈАН МИОДРАГ ГОТИЌ од с.Марвинци, општина Валандово, во траење од 6 месеци
3. РИСТО МИЛАН КЛИСАРОВ од Скопје, во траење од 6 месеци
4. ДАЛИБОР БОБАН ДОДЕВСКИ од Куманово, во траење од 4 месеци
5. АНДРЕА КОСТАДИН КРСТОВСКИ од Тетово, во траење од 4 месеци
6. ПЕТРЕ ДИМЧЕ ЃОРЕВ од Велес, во траење од 1 година
7. ЌИРИЛ РИСТО МАРКОВСКИ од Битола, во траење од 1 година
8. СЛАВЧО ВАЛЕНТИН БОЈКОВСКИ од Охрид, во траење од 4 месеци
9. ФЕКРИЈЕ АФЕТ ИСМАИЛИ од Скопје, во траење од 2 години
10. СТОЈОВА ДРАГИ АНИТА од Тетово, во траење од 2 години

II

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-1444/1
30 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**5240.**

Врз основа на член 37 став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 декември 2025 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА СУБЈЕКТИТЕ, ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ И НАЧИНОТ НА ЛАНСИРАЊЕ НА РАКЕТИ ПРОТИВ ГРАДОНОСНИ ОБЛАЦИ

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат субјектите, посебните услови и начинот на лансирање на ракети против градоносни облаци.

Член 2

Ракетите против градоносни облаци можат да се лансираат ако со тоа не се загрозува безбедноста на воздушниот сообраќај, под услови и на начин пропишан со оваа уредба.

Член 3

Против градоносни облаци можат да се лансираат само ракети кои имаат атест и одобрение за пуштање во промет на експлозивни материи.

Член 4

Издавање на наредби за лансирање на ракети врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Управата за хидрометеоролошки работи (во натамошниот текст: Управата за хидрометеоролошки работи).

Ракети против градоносни облаци може да лансира само лице обучено и овластено за вршење на тие работи од страна на Управата за хидрометеоролошки работи.

Член 5

Управата за хидрометеоролошки работи пред лансирање на ракети од кој и да е дострел прибавува согласност од давател на ATM/ANS услуги со кој треба да има постојана директна телефонска врска и постојана радиоврска на фреквенција која ќе ја утврди истиот давател на ATM/ANS услуги.

Управата за хидрометеоролошки работи треба да има постојана радиоврска или директна телефонска врска со лицето кое врши непосредно лансирање на ракети.

Опремата за обезбедување на непречена комуникација преку радиоврската од ставовите 1 и 2 на овој член ја обезбедува Управата за хидрометеоролошки работи и истата треба да овозможи снимање на комуникацијата меѓу Управата за хидрометеоролошки работи и давателот на ATM/ANS услуги.

Член 6

Ракета против градоносни облаци не треба да се лансира, доколку со оглед на дострелот на ракетата и правецот на лансирањето може да се претпостави дека ракетата ќе влезе во воздушниот простор на соседна држава, освен ако со меѓународен договор кој е ратификуван од Република Северна Македонија не е поинаку определено.

Член 7

Управата за хидрометеоролошки работи треба, во зависност од хидрометеоролошките услови, однапред да го извести давателот на ATM/ANS услуги за можната потреба за лансирање на ракети во определено подрачје, а најдоцна десет минути пред времето предвидено за почеток на лансирање на ракети.

Управата за хидрометеоролошки работи треба, најдоцна три минути пред времето предвидено за лансирање на ракети, да побара согласност за лансирање на ракети од давателот на ATM/ANS услуги.

Давателот на ATM/ANS услуги, по приемот на барањето од ставот 2 на овој член треба во времето предвидено во став 2 на овој член да ја извести Управата за хидрометеоролошки работи за давање или не давање на согласност за лансирање на ракети.

По исклучок од ставот 1 на овој член, ако метеоролошките услови тоа го бараат, согласност за лансирање на ракети може да се побара без претходно известување за можната потреба од лансирање на ракети, а давателот на ATM/ANS услуги треба, во рок од пет минути да ја извести Управата за хидрометеоролошки работи за давањето или не давањето на согласност за лансирање на ракети.

Член 8

Давателот на ATM/ANS услуги може да ја повлече издадената согласност за лансирање на ракети, а Управата за хидрометеоролошки работи треба веднаш или

најдоцна во рок од три минути да го запре лансирањето на ракети и за тоа да го извести давателот на ATM/ANS услуги.

Ако лицето кое непосредно врши лансирање на ракети, воочи дека со своите дејствија може да загрози воздухоплов во лет, треба веднаш да го запре лансирањето на ракети и за тоа да ја извести Управата за хидрометеоролошки работи.

Член 9

Барањето за добивање на согласност за лансирање на ракети треба да ги содржи следните податоци:

1) координати од локацијата од каде што ќе се врши лансирањето на ракетите дадени во WGS 84 координативен систем;

2) делот на воздушниот простор во кој се предвидува лансирање на ракети;

3) времето кога треба да се лансираат ракетите и

4) максималната надморска височина што може да ја достигне ракетата предвидена за лансирање.

Согласноста на давателот на ATM/ANS услуги за лансирање на ракети треба да ги содржи податоците од ставот 1 на овој член, без оглед на тоа дали тие податоци се исти со податоците во барањето или се изменети од страна на давателот на ATM/ANS услуги.

Член 10

Управата за хидрометеоролошки работи треба при лансирањето на ракети да се придржува кон податоците од согласноста за лансирање на ракети и истите не може да ги менува.

Член 11

Делот од воздушниот простор во кој ќе се лансираат ракети се определува со помош на географски карти со размер 1:300.000, со вцртани и означени полигони и заштитни зони, чија димензија ја утврдуваат давателот на ATM/ANS услуги и Управата за хидрометеоролошки работи и со вцртани аеродромски зони.

Географските карти од ставот 1 на овој член ги прибавува Управата за хидрометеоролошки работи од давателот на ATM/ANS услуги.

За определување на деловите на воздушниот простор, покрај географските карти од ставот 1 на овој член, може да се користат други средства и уреди чии технички карактеристики се утврдуваат спогодбено меѓу Управата за хидрометеоролошки работи и давателот на ATM/ANS услуги.

Член 12

Управата за хидрометеоролошки работи и давателот на ATM/ANS услуги работите во врска со лансирање на ракети против градоносни облаци ги регулираат согласно склучен договор за соработка.

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за субјектите, условите и начинот на лансирање на ракетите против градоносни облаци („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/12).

Член 14

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-9001/8
30 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**5241.**

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25) и член 17 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.153/19, 261/19, 89/22, 65/23, 147/24, 241/24 и 258/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 декември 2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА - МИНЕРАЛНА ВОДА НА ЛОКАЛИТЕТОТ „С. МОКРИНО", ОПШТИНА НОВО СЕЛО

Член 1

Концесијата за детални геолошки истражувања на минералната суровина се доделува во функција на вршење на детални геолошки истражувања на минералната суровина на локалитетот за која се предлага доделување.

Со оглед на фактот дека правото за вршење на детални геолошки истражувања на минералната суровина се стекнува со доделување на концесија, како и дека се работи за истражување на минералната суровина, потребно е да се додели под концесија минералната суровина определена со оваа одлука.

Член 2

Како основни цели за доделување на концесијата за детални геолошки истражувања се создавање на услови за рамномерно истражување на минералната суровина и создавање услови за нејзина експлоатација.

Член 3

Предмет на концесијата е вршење на детални геолошки истражувања на минералната суровина – минерална вода на локалитетот „с. Мокрино", Општина Ново Село.

Концесијата за детални геолошки истражувања од став 1 на овој член ќе се додели на понудувачот кој ќе успее да ги задоволи условите содржани во тендерската документација и јавниот повик.

Член 4

Постапката за доделување на концесијата за детални геолошки истражувања на минералната суровина ќе биде спроведена по пат на јавен повик со електронска аукција во рок од 360 дена од денот на формирање на Комисијата за спроведување на постапката.

Заради спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања, Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини формира Комисија за спроведување на постапката во рок од 120 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Комисијата од став 2 од овој член ја подготвува тендерската документација, јавниот повик вклучувајќи го и нацртот на договорот. Тендерската документација на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини се доставува до Владата на Република Северна Македонија на одобрување.